**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љопче Димитковска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Струмица и Радовиш**
**ул. Васил Сурчев бр.5**
**тел. 034 344-553**

**Образец бр.66**

**И.бр.397/2021**

Извршителот **Љопче Димитковска** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД СКОПЈЕ,во стечај преку полном. адвокат Васко Чамовски од Струмица** од Скопје со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ 4030001419723 и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул.Никола Кљусев бр.2, засновано на извршната исправа ОДУ Бр.138/15 од 26.03.2015 на Нотар Стевица Јанева од Струмица, против должникот **ДПТУ ТРИТЕРОЛ-БЕНЗ Дооел од с.Градашорци,и заложни должници Ѓеорге Андонов од Струмица,ДТУ увоз-извоз ТРИТЕРОЛ Дооел од Струмица, и ДПТУ ТРИТЕРОЛ ТУРС Дооел од Струмица** од с.Градашорци со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на Населено место без уличен систем бб, за спроведување на извршување во вредност 112.768.334,00 денари, на ден 16.09.2022 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста на која е изградена Бензинска Станица со вградена опрема,резервоари,постројки и инсталации означена како:

-КП бр.1330, дел 16,место викано ФИДАНКИ,катастарска култура 50000 1 со површина од 617 м2,со право преземено при конверзија на податоци од стариот ел.систем 831,

-КП бр.1330, дел 16,место викано ФИДАНКИ,катастарска култура 70000 со површина од 6595 м2,со право преземено при конверзија на податоци од стариот ел.систем 831,

-КП бр.1330, дел 16,место викано ФИДАНКИ,број на зграда 1,намена на зграда преземена при конверзија на податоци од стариот ел.систем ЗГРАДИ ВО ОСТАНАТО СТОПАНСТВО ,влез 1,кат ПР, со внатрешна површина од 132 м2,со право преземено при конверзија на податоци од стариот ел.систем 831,

запишани во имотен лист бр.1248 во КО Градашорци-Вон Град при Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Струмица сопственост на заложниот должникот ДТУ увоз-извоз ТРИТЕРОЛ Дооел од Струмица, со ЕДБ 4027992111887 и ЕМБС 4513754.

Продажбата ќе се одржи на ден **07.10.2022 година во 10,00 часот** во просториите на **Извршител Љопче Димитковска Струмица ул.Васил Сурчев бр.5**.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.397/2021 од 25.02.2022 и од 04.05.2022 година, **изнесува 26.833.127,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.Данокот на промет паѓа на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености во корист на доверителот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. **200001516260924 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5027007114099,најдоцна еден ден пред денот на јавното наддавање.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Љупче Димитковска

Д.-на: Доверител,Должник,

Даночно одделение,Извршител

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.